Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 169/0306
17.10 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27.09.2024 година, врз основа на примена жалба од **Фисник Саити** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Албанец од Косово е уапсен во Турција, обвинет за соработка со МОСАД“,** објавен на онлајн медиумот Вечер прес (vecer.pres) на 03.09.2024 г. во 13:09 минути, отстапува од професионалните и етичките стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Фисник Саити до Извршната канцеларија на СЕММ на 03.09.2024 г. упати жалба за медиумот Вечер прес, за објавен текст на онлајн медиумот, со оценка дека медиумот го прершил Кодексот на новинарите на Македонија (Кодекс) по два основа: говор на омраза и дискриминација.

Притоа жалителот наведува

**„Овој медиум дувло на УДБА, во С. Македонија како држава што ја признава независноста на Р. Косово, често пати ги крши новинарските кодекси и однесувања.“**

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата, потсетувајќи и на можноста случајот да се реши и по пат на медијација.
Притоа, детално беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои тој смета дека е постапено непрофесионално при известувањето, односно дека жалителот смета дека се прекршени етичките правила по основ говор на омраза и дискриминација

Од медиумот, до истекувањето на рокот за одговор пред да се расправа за жалбата, не беше доставен одговор до Канцеларијата на СЕММ.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„Албанец од Косово е уапсен во Турција, обвинет за соработка со МОСАД“,** објавен на онлајн медиумот Вечер прес (vecer.pres) на 03.09.2024 г. во 13:09 минути, отстапува од професионалните и етичките стандарди, при што се прекршени **Член 11** од Кодексот на новинарите на Македонија, а не се почитувани и Насоките за етичко известување во онлајн медиумите во **Членот 11.2.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа оспорениот текст преку скриншотот кој жалителот го направил, бидејќи на наведениот линк текстот веќе не постои, односно е избришан од страна на медиумот.

Комисијата, притоа, утврди дека станува збор за агенциска вест во која што има уредничка интервенција, особено во насловот, која отстапува од професионалните и етичките стандарди, особено во насока на истакнување на етничката припадност на уапсениот граѓанин. Комисијата, исто така, утврди дека во самиот текст е изменето меѓународното именување на државата од која потекнува уапсениот граѓанин, при што е употребено името Косово и Метохија, име што го употребува Република Србија која не го признава постоењето на Република Косово.

Комисијата, поради овие причини, сметаше дека е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија во **Членот 11**:

**Член 11**

**Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија**

Бидејќи станува збор и за онлајн медиум, Комисијата заклучи дека не се почитувани ниту Насоките за етичко известување во онлајн медиумите во Членот 11, точка 2 кој гласи:

**Член 11.2**

**Онлајн медиумите не смеат да ги поистоветуваат активностите, ставовите или дејствувањето на поединци кои припаѓаат на одредена група со целата група. Тие не треба да ги нагласуваат карактеристиките поврзани со припадноста на различни групи (како на пример, етничка припадност, раса, религија, културно потекло, сексуална ориентација, ментално или физичко здравје итн.), освен во случаи кога е тоа директно поврзано со настаните за коишто се известува**

Комисијата заклучи дека во дадениот случај станува збор за неетичко известување, односно уредничка интервенција при која токму националната припадност на уапсениот граѓанин се истакнува уште во насловот без никаква потврда и поврзаност со темата на известување. Дали е некој Албанец или не, не е важно за сомневањата за стореното кривично дело, во овој случај соработка со тајна служба на друга држава.

Комисијата заклучи дека ваквиот тип прекршување на стандардите може да се сретне и кај други медиуми во македонскиот медиумски простор и дека токму овој пример на медиумот Вечер прес е еден од таквите примери, без оглед што на прв поглед станува збор само за пренесена агенциска вест и токму затоа ја прифати жалбата како основана.

Комисијата притоа сака да го искаже и ставот на жалење и осуда за речникот во самата жалба, каде што жалителот употребува недозволено етикетирање на медиумот за кој што има поплаки.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Димитар Мицев Зеријета Јајага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595